# ИЗВЕШТАЈ

## од спроведеното истражување за **ПОТРЕБИТЕ** и **ПРЕДИЗВИЦИТЕ** со кои се соочуваат **ЖЕНИТЕ** во **ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА**




ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ЗДРУЖЕНИЕ ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ ОД ШУТО ОРИЗАРИ

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Sweden Sverige

UN WOMEN

FOR ALL WOMEN AND GIRLS

# СОДРЖИНА


**1. Вовед** 5
**2. Методологија** 6
**3. Профил на учесничките** 7
**4. Наоди од истражувањето** 8
4.1 Пристап до јавен превоз 8
4.2 Пристап до вода и влијание врз секојдневниот живот 9
4.3 Јавно осветлување и безбедност 10
4.4 Детски игралишта и јавни простори 11
4.5 Образование, услови во училиштата и менструална хигиена 12
4.6 Пристап до предучилишно образование и услуги за згрижување на деца 13
4.7 Пристап до здравствени услуги 14
4.8 Перцепција за дискриминација при користење на јавни услуги 15
4.9 Институционална поддршка и економско јакнење на жените 16
4.10. Учество во локални процеси 18
4.11 Приоритети на жените за локалниот буџет и развојот на општината 19
**5. Анализа на програми и буџет на општина Шуто Оризари**
Социјална карта на општина Шуто Оризари 20
5.1. Програма за еднакви можности 21
5.2. Програма за локален економски развој и Стратегија за ЛЕР за 2023 - 2026 22
5.3. План за развој 23
5.4. Програма за урбано планирање, програма за заштита на животна средина и природа и програма за комунални дејности 24
5.5. Програма за социјална заштита 25
5.6. Аспект на родово одговорно буџетирање 24
5.7. Приемен ден и отворен ден во општината 26
5.8. Заклучок - анализа на програмите и буџетот 27
**6. Интегриран заклучок од теренска анкета, фокус групи и анализа на програми и буџет** 28
6.1. Препораки 29
6.1.1 Инфраструктура, комунални услуги и осветлување 29
6.1.2. Јавен превоз 29
6.1.3. Здравство и здравствени услуги 29
6.1.4. Образование (училишно и предучилишно) 30
6.1.5. Институционална поддршка и економско јакнење 30
6.1.6. Недискриминација и учество на жените 30
6.1.7. Родово одговорно буџетирање 31

Изработката и објавувањето на овој извештај е дел од проектот „Зајакнати – Градиме родово одговорно буџетирање во Шуто Оризари“, поддржан од Хелсиншкиот комитет, во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија – Фаза 2“, финансиран од Швајцарија, како и програмата „Промовирање на родово одговорно управување во Република Северна Македонија“, финансирана од Шведска.

Ставовите и мислењата изразени во овој извештај се ставови на авторите и не мора нужно да ги одразуваат официјалните ставови на Хелсиншкиот комитет, UN Women, Обединетите нации, ниту на Швајцарија и Шведска како донатори. Ниту една од овие институции, ниту кое било лице што дејствува во нивно име, не може да биде повикано на одговорност за каква било употреба на информациите содржани во овој извештај.

# 1. ВОВЕД

Општина Шуто Оризари се соочува со бројни инфраструктурни, социјални и институционални предизвици кои директно влијаат врз квалитетот на животот на локалното население. Иако овие предизвици ги засегаат сите граѓани, нивното влијание не е еднакво распределено. Жените, особено оние кои се невработени, живеат во сиромаштија, се самохрани мајки или се грижат за деца и постари членови на семејството, значително повеќе ги чувствуваат последиците од недоволно развиените јавни услуги и инфраструктура.

Во рамките на проектот ***„Зајакнати градиме родово одговорно буџетирање во Шуто Оризари“*** беше спроведено истражување со цел да се идентификуваат најзначајните потреби, проблеми и приоритети на жените во локалната заедница. Истражувањето беше насочено кон обезбедување докази кои ќе придонесат за подобро планирање на локалните политики и примена на принципите на родово одговорно буџетирање при распределбата на општинските ресурси.

Истражувањето ги опфати клучните области кои директно влијаат врз секојдневниот живот на жените, меѓу кои: пристапот до јавен превоз, водоснабдувањето, комуналната инфраструктура, јавното осветлување, здравствените и образовните услуги, менструалната хигиена, јавните простори, економската положба, институционалната поддршка, дискриминацијата и учеството на жените во процесите на донесување одлуки.

Овој извештај претставува интегрирана анализа на квантитативните и квалитативните податоци добиени преку теренска анкета, фокус групи и анализа на релевантни општински програми. Со комбинирање на изворите на податоци (квантитативни и квалитативни) се доби поцелосна слика за реалните потреби на жените, при што анкетата обезбеди информации за зачестеноста на појавите, а фокус групите овозможија подлабоко разбирање на причините, искуствата и последиците од идентификуваните проблеми преку разговор со жените.

Наодите од истражувањето ни послужија како основа за формулирање на препораки насочени кон подобрување на локалните политики и кон потенцијален развој на родово одговорни буџетски мерки, со цел унапредување на положбата и квалитетот на животот на жените во Општина Шуто Оризари.

# 2. Методологија

Истражувањето беше спроведено со примена на комбиниран истражувачки пристап кој овозможи интеграција на квантитативни и квалитативни методи, со цел да се обезбеди сеопфатен увид во потребите и предизвиците со кои се соочуваат жените во Општина Шуто Оризари.

Квантитативниот дел од истражувањето беше реализиран преку теренска анкета спроведена со **50 жени** од различни населени места во општината. Во примерокот беа вклучени жени од различни возрасни групи, со различно ниво на образование, брачен статус и работен статус, со цел да се обезбеди поширок увид во нивните искуства и потреби. Анкетниот прашалник содржеше прашања поврзани со пристапот до јавни услуги, инфраструктурата, здравството, образованието, безбедноста, локалната институционална поддршка и учеството во процесите на донесување одлуки.

За продлабочување на резултатите беа организирани **две фокус групи,** во кои учествуваа вкупно **20 жени** од локалната заедница. Преку дискусиите учесничките имаа можност подетално да ги образложат секојдневните проблеми со кои се соочуваат, предизвиците при користењето на јавните услуги, нивните искуства со институциите и приоритетите што ги сметаат за најважни за подобрување на условите за живот. Наодите од фокус групите овозможија подлабоко разбирање на причините што стојат зад резултатите добиени преку теренската анкета и помогнаа во идентификувањето на специфичните потреби на жените.

Паралелно со примарното истражување, беше спроведена и **деск-анализа** на релевантни програмски документи и на општинскиот буџет по програми. На тој начин оваа анализа дава увид и во распределбата на буџетските средства по сектори, како и во степенот на реализација на предвидените активности.

Во подготовката на овој извештај беше применет пристап на **триангулација на податоците,** при што беа анализирани заеднички резултатите од различните извори на податоци (анкета, фокус групи и деск анализа на релевантни секторски програми). Овој пристап овозможи да се утврди степенот на усогласеност помеѓу трите извори како и да се идентификуваат и дополнителни аспекти кои не можат да се согледаат преку еден истражувачки метод. Интегрирањето на квантитативните и квалитативните наоди придонесе кон поцелосна и поверодостојна анализа на потребите на жените во локалната заедница.

# 3. Профил на учесничките

Во теренската анкета учествуваа **50 жени** од Општина Шуто Оризари, со различна возраст, образование, брачен и работен статус. Ваквата разновидност на примерокот овозможува подобро согледување на различните искуства и потреби на жените во локалната заедница.

Според возрасната структура, најголем дел од испитаничките се на возраст од **25 до 35 години и 46 до 55 години** (28%), потоа следуваат жените на возраст од **36 до 45 години** (24%), по што следуваат помладите жени на возраст од **18 до 24 години** (12%). Во однос на брачниот статус, повеќе од половина од испитаничките **(52%) се во брак,** 3**2% живеат во вонбрачна заедница,** а **10% се немажени.** Речиси сите учеснички **(95,9%)** имаат деца, при што најголем дел имаат две или три деца.

Образовната структура покажува дека **36%** од жените имаат завршено средно образование, **34%** основно образование, додека **30%** немаат завршено основно образование.

Работниот статус укажува на висока економска ранливост. Дури **66%** од испитаничките се изјасниле дека се невработени, **16%** работат неформално без социјално и здравствено осигурување, а само **14%** се формално вработени со полно работно време.

Учесничките во двете фокус групи имаа сличен социо-демографски профил, што овозможи дополнително продлабочување на темите кои беа идентификувани во анкетата, при што во фокус групите имаше поголем број помлади жени на возраст од 18-24год. Дискусиите покажаа дека без оглед на возраста или образованието, жените се соочуваат со слични инфраструктурни, економски и институционални предизвици, при што најчесто тие го носат товарот на грижата за домаќинството, децата и другите зависни членови на семејството.

## 4.1 Пристап до јавен превоз

**Наоди од теренската анкета**

Резултатите од теренската анкета покажуваат дека **63,3%** од испитаничките имаат пристап до јавен превоз, додека **34,7%** изјавиле дека немаат пристап до јавен превоз во општината. Жените најчесто го користат јавниот превоз за одење на работа (26%), одење на лекар (25%) и одење на училиште (6,4%). Речиси сите испитанички (97,9%) сметаат дека жените и девојките се најчести корисници на јавниот превоз, што укажува на големото значење на јавниот превоз за секојдневната мобилност на жените.

Како најзначајни пречки при користењето на јавниот превоз, **57,4%** од испитаничките го посочиле недоволниот број на автобуси и нередовноста на автобусите, **29,8%** ја навеле високата цена на превозот, додека **12,8%** сметаат дека автобусите не се доволно безбедни за жените. Испитаничките истакнале дека поради нередовниот превоз често се принудени да користат такси превоз, што претставува дополнителен финансиски товар. Дополнително, тие наведуваат дека:

> ***„Честите доцнења на автобусите негативно влијаат врз навременото пристигнување на работа, во здравствени установи и во училиштата."***

Речиси половина од анкетираните жени изјавиле дека не се чувствуваат безбедно кога навечер чекаат автобус или се враќаат пеш од автобуска станица.

**Наоди од фокус групи**

Наодите од двете фокус групи ги потврдуваат резултатите од анкетата и дополнително ја објаснуваат тежината на проблемот. Учесничките наведоа дека јавниот превоз е еден од најсериозните проблеми со кои секојдневно се соочуваат.

> ***„Мора да земаме такси и имаме дополнителни трошоци, а претходно сме давале средства за слободна карта"*** *- изјава од учесничка во фокус група.*

Според учесничките во фокус групите недоволниот број автобуски линии, честите доцнења и долгите периоди без автобус значително ја ограничуваат нивната мобилност и пристапот до работа, здравствени услуги, образование и други институции.

Во дискусиите беше истакнато дека голем број жени не поседуваат автомобил и целосно зависат од јавниот превоз. Во ситуации кога автобусите не сообраќаат редовно, тие се принудени да користат такси превоз, што претставува дополнително финансиско оптоварување за личниот и семејниот буџет. Учесничките исто така нагласија дека нередовниот превоз претставува пречка и за редовно посетување на здравствени прегледи, како и за навремено пристигнување на работното место и во образовните институции. Во препораките од фокус групите, воспоставувањето редовен и достапен јавен превоз беше рангирано како еден од највисоките приоритети.

**Интегрирани наоди**

И квантитативните и квалитативните податоци укажуваат дека јавниот превоз претставува едно од клучните прашања што влијаат врз секојдневниот живот на жените во Општина Шуто Оризари. Додека анкетата покажува процентуално колку е распространет проблемот и кои се неговите најчести последици, фокус групите овозможуваат подобро разбирање на влијанието што нередовниот превоз го има врз економската положба, пристапот до здравствени услуги и можностите за образование и вработување. Наодите упатуваат дека подобрувањето на јавниот превоз не е само инфраструктурна интервенција, туку и важна мерка за унапредување на социјалната вклученост, еднаквите можности и родовата еднаквост.

## 4.2 Пристап до вода и влијание врз секојдневниот живот

**Наоди од теренската анкета**

Теренската анкета покажува дека **30%** од испитаничките се соочуваат со чест недостаток на вода или со слаб притисок во водоводната мрежа. Жените наведуваат дека поради тоа се принудени да купуваат вода за пиење, да собираат вода во текот на ноќта во доцните ноќни или раните утрински часови или да обезбедуваат вода од соседи, бунари доколку имаат и слично. Недостатокот на вода директно влијае врз одржувањето на личната и домашната хигиена, перењето, подготовката на храна и грижата за децата, постарите и болните членови на семејството. Испитаничките истакнуваат дека честите прекини во водоснабдувањето создаваат дополнителен физички и временски товар кој најчесто го носат жените, но истовремено влијаат и врз нивното здравје и здравјето на членовите на семејството правејќи ги поподложни на различен тип инфекции и болести.

**Наоди од фокус групи**

Во двете фокус групи проблемот со водоснабдувањето исто така беше идентификуван како еден од најзначајните инфраструктурни предизвици.

> ***„Нема вода, мора да купуваме, а често во 03,04 часот не спијам и чекам да дојде малку притисок за да наполнам вода, ненаспана сум и уморна.“***
>
> ***„Немањето вода многу ни ја отежнува работата и хигиена не може да одржуваме и дома и лично наша хигиена.“*** *-изјава од учесничка во фокус група.*

Учесничките наведоа дека во одредени делови од општината прекините во снабдувањето со вода се чести, а нискиот притисок дополнително го отежнува секојдневното функционирање на домаќинствата.

> ***„Еден дожд да заврне и нашата улица се полни со вода“, со кал се правиме и децата исто така“*** *–изјави од учеснички.*

Покрај проблемите со водоснабдувањето, жените посочија и на несоодветната атмосферска канализација, поради која улиците се поплавуваат при дождови, што го отежнува движењето на пешаците и пристапот до јавните услуги.

Учесничките нагласија дека ваквите инфраструктурни проблеми имаат најголемо влијание врз жените, бидејќи тие најчесто се одговорни за одржување на домаќинството и грижата за децата и постарите членови на семејството. Поради тоа, недостатокот на вода не претставува само комунален проблем, туку директно влијае врз здравјето, хигиената и квалитетот на животот на целото семејство.

**Интегрирани наоди**

Наодите од анкетата и фокус групите меѓусебно се надополнуваат и покажуваат дека проблемите со водоснабдувањето имаат јасна родова димензија. Недостигот од вода и несоодветната комунална инфраструктура непропорционално ги погодуваат жените поради нивната улога во извршувањето на домашните обврски и грижата за семејството. Истовремено, овие проблеми влијаат врз здравјето, и хигиената на домаќинствата и претставуваат значајна област во која локалните политики и буџетски инвестиции треба да бидат насочени.

## 4.3 Јавно осветлување и безбедност

**Наоди од теренска анкета**

Резултатите од теренската анкета покажуваат дека јавното осветлување претставува значаен безбедносен предизвик за жените во Општина Шуто Оризари. Половина од испитаничките **(50%)** сметаат дека улиците во нивното место на живеење не се доволно осветлени, додека **2%** ги оцениле како слабо осветлени. **48%** од жените сметаат дека уличното осветлување е соодветно.

Недостатокот на осветлување директно влијае врз чувството на сигурност и безбедност. Дури **58%** од испитаничките изјавиле дека не се чувствуваат безбедно кога се движат навечер, особено при враќање од работа или при користење на јавниот превоз. Според нив, подобрувањето на уличното осветлување би придонело за поголема лична безбедност, намалување на стравот од насилство и вознемирување, како и побезбедно движење на децата и постарите лица.

**Наоди од фокус групи**

Прашањето за безбедноста беше често споменувано и во двете фокус групи. Учесничките посочија дека недоволното осветлување, заедно со оштетените улици и несредените јавни површини, создава чувство на несигурност, особено во вечерните часови. Според нив, жените често избегнуваат да се движат сами навечер, а родителите чувствуваат дополнителна загриженост за безбедноста на своите деца.

> ***„Не се чувствувам секогаш безбедно, избегнувам тесни и мали улички кога се враќам навечер дома од работа"***
>
> ***„Не е добро осветлено, детето се плаши ако излеземе подоцна да се шетаме, дека е со попреченост и многу се плаши од темно"***

Во дискусиите беше истакнато дека проблемот не се однесува само на поставување дополнително осветлување, туку и на целокупното уредување на јавниот простор, вклучувајќи реконструкција на улиците, подобрување на пешачките површини и редовно одржување на јавните простори. Овие мерки беа препознаени како важен предуслов за поголема безбедност и поквалитетен живот во заедницата.

**Интегрирани наоди**

Резултатите од анкетата и фокус групите укажуваат дека безбедноста на жените е поврзана со квалитетот на локалната инфраструктура. Недоволното улично осветлување не претставува само технички и комунален недостаток, туку фактор кој влијае врз слободата на движење, чувството на сигурност и безбедност и активното учество на жените во општествениот живот. Инвестициите во јавно осветлување и уредување на јавниот простор се значајна мерка за подобрување на безбедноста на жените во локалната заедница.

## 4.4 Детски игралишта и јавни простори

**Наоди од теренска анкета**

Иако **62%** од испитаничките изјавиле дека во општината постојат паркови и детски игралишта, сепак во најголемиот дел од отворените прашања во анкетата се изјасниле дека тие не ги задоволуваат потребите на локалното население. Жените наведуваат дека игралиштата кои во моментот постојат се оштетени, нефункционални и недоволно одржувани. Недостигаат клупи, канти за отпадоци и сенки, а во одредени случаи јавните простори се небезбедни поради присуство на отпад, несоодветно однесување на поединци и присуство на поединци кои користат психотропни супстанци.

Според испитаничките, ваквата состојба го ограничува користењето на јавните простори од страна на семејствата, а пред сѐ мајките со деца и негативно влијае врз квалитетот на животот во заедницата.

**Наоди од фокус групи**

Учесничките во фокус групите нагласија дека во општината недостигаат безбедни и уредени јавни простори за рекреација и дружење.

***„ И тоа едно игралиште што го имаше, го искршија целото"***

***„Имаше клупи, игралиште, но го уништија, го искршија, и од него направија депонија"***

***„Паркови нема, има само депонии"***

***„Ѓубрето не го собираат, на улиците нема канти, има голема смрдеа, ќе се разболиме, некогаш не може да се дише, се чувствува смрдеа"***

***„Да се казнат сите што фрлаат ѓубре, улиците ни се преплавени со ѓубре, ќе фатиме инфекција"***-*изјави од учеснички.*

Постојните игралишта се недоволни и лошо одржувани, а во одредени населби воопшто нема соодветни места каде што децата можат безбедно да играат.

***„Овде никогаш немало игротека, да отворат игротека, ние за тоа време може и дома да завршиме некоја работа, а може и да работиме"***

Како приоритет беше истакната потребата од изградба на нови игралишта, паркови,

други јавни простори и игротека за децата кои ќе бидат достапни за сите семејства како и отстранување на депониите кои што многу влијаат врз здравјето.

Жените сметаат дека инвестициите во ваков тип на содржини ќе придонесат не само за подобар развој на децата, туку и за поголема социјална поврзаност и квалитет на живот во локалната заедница. Додека пак инвестирање во отстранување на депонии значително ќе влијае на подобрување на здравствената состојба на сите генерации жители.

**Интегрирани наоди**

И квантитативните и квалитативните податоци покажуваат дека јавните простори во Општина Шуто Оризари не ги задоволуваат потребите на жените и нивните семејства. Проблемот не е само во бројот на паркови и игралишта, туку и во нивната функционалност, безбедност и одржување. Проблемот е и во постоењето на неколку депонии кои влијаат врз здравствената состојба на сите, а посебно на жените и децата. Подобрувањето на јавните простори и отстранувањето на депониите треба да претставува една од приоритетните инвестиции во рамките на локалното планирање и родово одговорното буџетирање.

## 4.5 Образование, услови во училиштата и менструална хигиена

**Наоди од теренската анкета**

Наодите од анкетата покажуваат дека најголем дел од девојчињата редовно посетуваат училиште **(80,4%)**. Сепак, **17,4%** од испитаничките сметаат дека дел од девојчињата не посетуваат редовно настава.

> ***,,Родителите не ги поддржуваат, не ги пуштаат секогаш, моите деца одат, ама има и деца што не одат, одат во странство некогаш, а некои ги мажат"***-*одговори на отворени прашања во анкетата.*

Како главни причини за непосетување настава се наведени: сиромаштијата, недостигот од јавен превоз односно големата оддалеченост од местото на живеење до училиштата, присутноста на раните бракови, преселбата во странство и недоволната родителска поддршка. Дополнително, **70%** од испитаничките имаат наведено дека во училиштата нема соодветни хигиенски услови, односно недостигаат чисти тоалети, вода и сапун. Недостатокот од бесплатни менструални производи беше идентификуван како фактор што придонесува за отсуство на девојчињата од наставата за време на менструалниот циклус. Сите испитанички **(100%)** сметаат дека општината треба да обезбеди буџет за бесплатни менструални производи во училиштата.

**Наоди од фокус групи**

> ***,,Нема секогаш сапун, нема ни вода секогаш, некогаш ги пуштаат порано дома"***-*изјава од учесничка.*

И во двете фокус групи жените нагласија дека условите во училиштата треба значително да се подобрат, особено во делот на санитарната инфраструктура и менструалната хигиена бидејќи често пати има прекин на вода и во тој случај децата доаѓаат порано од училиште. Учесничките во фокус групите сметаат дека обезбедувањето бесплатни менструални производи, како и континуираното снабдување со вода, сапун и средства за лична хигиена во училиштата во општината, треба да стане редовна буџетска обврска на општината.

Покрај тоа, беше потенцирана потребата од повеќе информативни активности за репродуктивното здравје, планирањето на семејството и контрацепцијата, особено насочени кон младите девојки и жени.

**Интегрирани наоди**

Резултатите покажуваат дека пристапот до образование не зависи само од постоењето на училишта, туку и од квалитетот на условите во кои учениците престојуваат. Несоодветната хигиена, недостатокот од производи за менструална хигиена и ограничениот пристап до информации за репродуктивното здравје се фактори кои можат негативно да влијаат врз редовното посетување на наставата и врз благосостојбата на девојчињата. Овие наоди укажуваат дека вложувањата во училишната инфраструктура и одделување буџет за менструална хигиена треба да бидат препознаени како составен дел од локалните политики за еднакви можности и родово одговорно буџетирање.

## 4.6 Пристап до предучилишно образование и услуги за згрижување на деца

**Наоди од теренска анкета**

Резултатите од теренската анкета покажуваат дека пристапот до предучилишно образование претставува значаен предизвик за дел од семејствата во Општина Шуто Оризари. Испитаничките укажуваат дека ограничените капацитети на градинките, недостигот од места и долгите листи на чекање го отежнуваат запишувањето на децата. Дел од жените посочуваат дека поради неможноста да обезбедат место во градинка се принудени сами да се грижат за децата или да се потпрат на помош од поширокото семејство, што дополнително ги ограничува нивните можности за вработување и економска независност.

Во одговорите на отвореното прашање за буџетските приоритети, повеќе испитанички ја истакнале потребата од подобрување на локалните јавни услуги за семејствата со деца, вклучително и создавање подобри услови за нивниот развој и грижа.

**Наоди од фокус групи**

Прашањето за предучилишното образование беше отворено и во двете фокус групи. Учесничките посочија дека постојните капацитети не ги задоволуваат потребите на локалното население и дека многу семејства не можат навремено да обезбедат место за своите деца.

> ***„Имам пречка да го запишам моето дете во градинка поради тоа што нема место, се е исполнето, две години чекав за упис на детето во градинка"***
>
> ***„Немам градинка во близина"***
>
> ***„Беше поевтино за упис, но сега е поскапено, не е прифатлива цената за сите"***
>
> ***„Јас се судрив со дискриминација, не сакаа моето дете со попреченост да го запишат во градинката"***

Жените нагласија дека недостатокот од достапни услуги за згрижување на деца директно влијае врз нивната можност да се вклучат на пазарот на трудот, да посетуваат обуки или активно да учествуваат во јавниот живот. Според нив, токму мајките најчесто ја преземаат грижата за децата кога тие не се запишани во градинка, поради што честопати се принудени да останат надвор од работниот процес.

Во дискусиите беше истакната и потребата од подобрување на условите во постојните градинки, обезбедување доволен број воспитувачи, создавање безбедна и поттикнувачка средина за децата како и бесплатно згрижување на деца. Дополнително, беше посочено дека треба да се обезбедат еднакви можности за пристап до предучилишно образование за сите деца, без оглед на социјалната положба на нивните семејства.

**Интегрирани наоди**

Квалитативните податоци од фокус групите покажуваат дека достапноста на услугите за згрижување на деца има значајно влијание врз економската и социјалната положба на жените. Ограничениот пристап до предучилишно образование ја зголемува грижата што ја преземаат жените во домот и ги ограничува нивните можности за вработување, стручно усовршување и активно учество во заедницата.

Од аспект на родово одговорното буџетирање, инвестициите во проширување на капацитетите на градинките, подобрување на квалитетот на предучилишните услуги како и овозможување на бесплатно згрижување на деца на различни ранливи категории претставуваат инвестиции кои истовремено придонесуваат за подобар развој на децата, но и за социјална вклученост на децата и нивните родители, а креираат и можности за економско вклучување на жените.

## 4.7 Пристап до здравствени услуги

**Наоди од теренската анкета**

Резултатите од теренската анкета покажуваат дека најголем дел од испитаничките **(92%)** изјавиле дека имаат пристап до здравствени услуги. Сепак, подеталните одговори на отворените прашања укажуваат дека формалниот пристап не секогаш значи и навремено, квалитетно и еднакво користење на здравствената заштита.

Испитаничките како најчести проблеми ги наведоа недостатокот од дежурни здравствени служби, долгото чекање за прегледи, недоволниот број лекари и специјалисти во локалната амбуланта, како и административните пречки со кои се соочуваат лицата без лични документи. Според нивните искуства, оваа категорија граѓани често не може да оствари здравствена услуга освен во итни случаи, што дополнително ги погодува најранливите категории жени, особено самохраните мајки и жените кои живеат во сиромаштија. Во однос на гинеколошките услуги, најголем дел од испитаничките изјавиле дека имаат пристап до гинеколог и дека услугите се достапни на локално ниво. Сепак, дури **98%** од жените сметаат дека општината треба да воведе субвенции за гинеколошки прегледи со цел дополнително да се подобри пристапот до превентивната здравствена заштита. Дополнително, повеќе од половина од испитаничките **(56%)** изразиле потреба од повеќе информации за планирање на семејството и контрацепција.

**Наоди од фокус групи**

Наодите од двете фокус групи укажуваат дека здравството претставува една од областите во кои жените се соочуваат со најмногу практични проблеми. Учесничките истакнаа дека иако во општината постојат основни здравствени услуги, тие не се доволни за да ги задоволат потребите на населението. Особено беше потенциран недостатокот од специјалистички услуги и дежурни медицински тимови, поради што жените често се

принудени да патуваат до други здравствени установи во Скопје.

***„Нема дежурни доктори, нема амбулантно возило, мора многу да се чека за да дојде, а некогаш и воопшто не доаѓа“***

***„Многу гужва се прави, се чека многу во амбулантата, јас немам документи и мене не сакаа да ме примат, еднаш само кога беше итно ме примија“***

***„Доктори ни требаат тука за да не одиме на други места, во Чаир или подалеку“***

***„Бидејќи има многу стари луѓе болни, а и многу деца и тие се разболуваат“*** *-изјави од учеснички.*

За многу семејства патувањето до други амбуланти и здравствени установи претставува дополнителен финансиски трошок, особено ако се земе предвид дека јавниот превоз е нередовен и тие се приморани често да користат такси превоз. Исто така беше наведено дека многу долго се чека за пристигнување на брзата помош и дека е потребно да има амбулантно возило за брза помош на ниво на општина.

Во текот на дискусиите во фокус групите повеќе учеснички посочија дека се чувствувале дискриминирани при користење на здравствени услуги, особено во поголемите болници. Дополнително беше наведено дека и покрај тоа што имаат здравствено осигурување, честопати плаќаат за гинеколошки услуги и прегледи, што според нив претставува финансиски товар и ја ограничува редовната превентивна здравствена заштита. Како приоритети учесничките ги издвојуваат подобрувањето на локалните здравствени услуги, воведувањето дежурни служби, зголемувањето на бројот на лекари и специјалисти, како и организирање информативни кампањи за репродуктивно здравје, планирање на семејството и контрацепција.

**Интегрирани наоди**

Иако резултатите од анкетата покажуваат висок процент на жени кои формално имаат пристап до здравствени услуги, квалитативните наоди укажуваат дека пристапноста не секогаш подразбира навремена, квалитетна и достапна здравствена заштита. Ограничениот број на здравствени услуги на локално ниво, долгото чекање, финансиските трошоци за специјалистички и гинеколошки прегледи, како и искуствата со дискриминација во поголемите болници, претставуваат значајни пречки за жените при остварувањето на нивното право на здравствена заштита.

Интегрираните наоди укажуваат дека подобрувањето на локалните здравствени услуги треба да биде еден од приоритетите на родово одговорното буџетирање. Покрај инфраструктурните инвестиции, неопходни се мерки за зголемување на достапноста на превентивните здравствени услуги, воспоставување на дежурни служби, намалување на институционалните бариери и зајакнување на здравствената едукација, особено во областа на репродуктивното здравје.

## 4.8 Перцепција за дискриминација при користење на јавни услуги

**Наоди од теренска анкета**

Резултатите од анкетата покажуваат дека значителен број испитанички се соочиле

со дискриминација при користење на јавни услуги. Како институции во кои најчесто доживеале нееднаков третман ги наведуваат болниците и амбулантите, по што следуваат центрите за социјална работа и Агенцијата за вработување. Во поединечни случаи е пријавена дискриминација при запишување деца со попреченост во градинка. Од друга страна, жените значително поретко пријавуваат дискриминација во банките и аптеките.

Наодите упатуваат дека жените Ромки и понатаму се соочуваат со предизвици при еднаков пристап до јавните услуги, особено во институциите со кои најчесто контактираат.

**Наоди од фокус групи**

Дискусиите во фокус групите ги потврдија резултатите од анкетата. Учесничките споделија конкретни искуства за несоодветен однос, непочитување и различен третман при користење на здравствени услуги, особено во поголемите болници. Дел од жените сметаат дека етничката припадност и социјалната положба влијаат врз начинот на кој институциите постапуваат со нив.

> ***„Јас најмногу сум била дискриминирана во болница, државна болница, и во Агенција за вработување, во банка и аптека не сум била, ми дале таму и помош кога сум прашала"*** *-изјави од учесничка.*

Покрај здравствените установи, беше истакнато дека недоволната институционална поддршка и слабата комуникација со локалните власти дополнително придонесуваат кон чувството на исклученост и недоверба во институциите.

**Интегрирани наоди**

Анкетата и фокус групите покажуваат дека дискриминацијата не се манифестира само преку директен нееднаков третман, туку и преку институционални бариери, недоволна достапност на услугите и недоверба кон институциите. Ваквите искуства можат да доведат до избегнување на институциите, одложување на користењето здравствени и социјални услуги и дополнително продлабочување на социјалната исклученост.

Затоа, покрај подобрувањето на инфраструктурата и услугите, неопходно е да се зајакнат механизмите за спречување на дискриминацијата, да се обезбеди континуирана обука на службениците за еднаков третман и да се воспостават поефикасни механизми за пријавување и постапување по случаи на дискриминација.

## 4.9 Институционална поддршка и економско јакнење на жените

**Наоди од теренска анкета**

Резултатите од теренската анкета покажуваат дека жените во Општина Шуто Оризари препознаваат потреба од поголема достапност на јавните институции и услуги. Во одговорите на отвореното прашање за тоа кои инвестиции би имале најголемо влијание врз подобрување на квалитетот на животот, значителен број испитанички предложиле отворање локални канцеларии или подрачни служби на институции како што се **Агенцијата за вработување, Фондот за здравствено осигурување,** како и обезбедување пристап до банкарски услуги и банкомати во општината.

Испитаничките исто така ја истакнаа потребата од финансиска поддршка за самохрани мајки, жени жртви на родово базирано насилство и други ранливи категории, како и развивање локални програми за економско јакнење на жените. Во анкетата жените (91.8%) се изјаснија дека општината не нуди никаков тип помош за различни категории жени како што се горенаведените. Во неколку наврати беа забележани потврдни одговори со

наведување дека испитаничките како помош добиле ***„еднократна парична помош за новороденче и еднократна парична помош за прваче.“***

Профилот на испитаничките покажува дека две третини односно 66% од анкетираните жени се невработени, што дополнително ја нагласува потребата од мерки кои ќе придонесат за нивно економско зајакнување и полесен пристап до пазарот на трудот.

**Наоди од фокус групи**

Во двете фокус групи жените истакнаа дека голем дел од институциите кои им се потребни не се достапни во самата општина. Поради тоа, тие често се принудени да патуваат до други делови на градот за да поднесат барања, добијат информации или користат јавни услуги. Ова претставува дополнителен финансиски и временски товар, бидејќи нема редовен јавен превоз и се приморани да користат такси услуги.

> ***„Морам да одам со автобус до банкомат и до банка, нема овде ни една банка ни еден банкомат кај нас.“****-изјава од учесничка.*

Учесничките во фокус групите наведоа дека економската несигурност е еден од најголемите предизвици во нивното секојдневие. Недостатокот на можности за вработување, ограничениот пристап до обуки и програми за економско јакнење, како и недоволната поддршка за женското претприемништво, според нив, придонесуваат за зависност од други членови на семејството и ја намалуваат нивната економска самостојност.

> ***„Ни требаат и живеалишта за тие што немаме свои и што мораме да живееме под кирија, а киријата е скапа“***
>
> ***„Еве јас со семејно насилство сум и освен од организација не сум добила никаква помош од никого“***
>
> ***„Општината ништо не нуди, никаква поддршка, ако одиме таму викаат дојди утре, ќе дојдеме и пак викаат дојди утре“-****изјави од учеснички.*

Во дискусиите беше истакната потребата од организирање бесплатни обуки за стекнување нови вештини, поддршка за започнување сопствен бизнис, како и поголема соработка помеѓу општината, институциите и граѓанските организации во креирање програми за вработување, самовработување и економско јакнење на жените.

**Интегрирани наоди**

Наодите од анкетата и фокус групите покажуваат дека инфраструктурните проблеми не можат да се разгледуваат одделно од економската положба на жените. Ограничениот пристап до институции, недостигот од локални услуги и високата невработеност меѓусебно се поврзани и влијаат врз можностите на жените активно да учествуваат во економскиот и општествениот живот.

Интегрираните резултати укажуваат дека покрај инвестициите во физичката инфраструктура, потребно е локалните политики да вклучуваат мерки за подобрување на достапноста на институциите, развој на услуги поблиску до граѓаните и креирање програми кои ќе придонесат за економско јакнење и финансиска независност на жените.

## 4.10 Учество во локални процеси

**Наоди од теренска анкета**

Наодите од теренската анкета укажуваат дека **92%** од жените воопшто не биле повикани на средба или состанок во општината односно дека воопшто не биле консултирани од страна на локалните власти. Исто така жените испитанички во огромен процент **(84%)** сметаат дека нивниот глас односно нивните потреби воопшто не се слушнати од надлежните општински власти.

Овие резултати упатуваат на сериозен недостаток на инклузивни механизми за учество на жените во процесите на донесување одлуки на локално ниво. И покрај законските обврски за вклучување на граѓаните во консултативни процеси на локално ниво голем дел од жените остануваат исклучени од овие процеси преку кои локалните власти ги утврдуваат приоритетите и ги креираат локалните политики.

Недоволната комуникација и отсуството на редовни консултации придонесуваат жените да развијат чувство дека нивните мислења и потреби не се важни за носителите на одлуки и ова дополнително ја намалува довербата во локалните институции, ги обесхрабрува жените да се активираат и упатува на заклучок дека процесите на одлучување не се доволно транспарентни и отворени за различните категории граѓани.

**Наоди од фокус групи**

Наодите од фокус групите дополнителни ги потврдуваат овие наоди од анкетата. Во фокус групите жените учеснички потврдија дека никогаш не биле консултирани од општината и дека има постојан недостаток на институционален одговор. Според нив локалните власти немаат слух за проблемите и приоритетите на жените.

> ***„Никогаш никој не нè викнал и не нè прашал дали имаме некој проблем, некоја потреба и ако отидеме таму сами, викаат дојдете утре, задутре и така секој ден“*** *-изјава од учеснички.*

Евидентно е дека локалните власти немаат воспоставено механизам за учество на жените во консултативни процеси за креирање локални политики, но и дека според учесничките не постои слух и волја од стана на локалните власти за вклучување на жените во креирање локални политики што дополнително ја зацврстува недовербата на жените кон локалните институции.

**Интегрирани наоди**

Интегрираната анализа на наодите од теренската анкета и фокус групите покажува високо ниво на исклученост на жените од локалните процеси на донесување одлуки. Квантитативните податоци укажуваат дека најголемиот дел од жените никогаш не биле консултирани од локалните власти и сметаат дека нивните потреби не се земаат предвид, додека квалитативните наоди ги објаснуваат причините за ваквата перцепција преку конкретни искуства со недостапност на институциите, недостаток на комуникација и отсуство на вистински можности за учество.

Отсуството на функционални и редовни механизми за консултација придонесува кон намалена доверба во локалните институции и ја ограничува можноста жените активно да влијаат врз креирањето на локалните политики. Наодите укажуваат дека е потребно општините да воспостават транспарентни и инклузивни механизми за учество, со посебен фокус на вклучување на жените во процесите на планирање, одлучување и следење на локалните политики и услуги.

## 4.11 Приоритети на жените за локалниот буџет и развојот на општината

### Наоди од теренска анкета

На крајот од анкетниот прашалник, испитаничките имаа можност да одговорат на отвореното прашање:

> ***„Ако вие бевте градоначалничка на општината на еден ден и имавте буџет, на што прво би ги потрошиле парите за да го олесните животот на жените и семејствата во општината?“***

Одговорите покажуваат јасно дефинирани приоритети. Најголем број жени сметаат дека средствата најнапред треба да се насочат кон:

- обезбедување континуирано водоснабдување;
- решавање на проблемот со дивите депонии и редовно собирање на отпадот;
- подобрување на јавниот превоз преку воведување поболем број автобуски линии и редовни автобуски линии;
- подобрување на уличното осветлување и уредување на јавните простори;
- изградба и реконструкција на паркови и детски игралишта;
- подобрување на локалните здравствени услуги, вклучувајќи дежурни медицински служби и поголем број лекари специјалисти;
- обезбедување бесплатни менструални производи и подобри хигиенски услови во училиштата;
- финансиска поддршка и економско јакнење на ранливите категории жени;
- отворање локални канцеларии на јавните институции, подобрување на пристапот до нивните услуги како и отворање на друг тип институции од типот на банки и поставување на банкомати.

### Наоди од фокус групи

Приоритетите идентификувани во фокус групите во голема мера се совпаѓаат со резултатите од анкетата. Учесничките повторно ги издвојуваат инфраструктурните проблеми како најитни, но истовремено нагласуваат дека сите предложени мерки треба да се планираат со активно учество на жените од локалната заедница.

Во текот на дискусиите беше истакнато дека жените најдобро ги познаваат секојдневните проблеми со кои се соочуваат нивните семејства и затоа треба да бидат вклучени во процесите на креирање локални политики, подготовка на буџетот и определување на развојните приоритети на општината.

Учесничките наведоа дека редовните консултации со граѓаните, јавните расправи и вклучувањето на женските организации  можат значително да придонесат за поквалитетни и поодржливи локални политики.

**Интегрирани наоди**

Наодите од двата извора покажуваат висок степен на усогласеност во однос на приоритетите на жените. И анкетата и фокус групите укажуваат дека жените најголемо значење им придаваат на инвестициите во основната инфраструктура, достапните јавни услуги и економското јакнење.

Истовремено, резултатите покажуваат дека родово одговорното буџетирање не треба да се сведе само на распределба на финансиски средства, туку треба да претставува процес во кој жените активно учествуваат во идентификувањето на локалните потреби, планирањето на буџетските приоритети и следењето на нивната реализација. Ваквиот пристап овозможува поефикасно користење на јавните средства и придонесува кон развој на локални политики кои одговараат на реалните потреби на граѓаните.

## Социјална карта на општина Шуто Оризари

Општината Шуто Оризари претставува составен дел од Градот Скопје, односно е една од десетте скопски општини и спаѓа во Скопскиот плански регион. Според официјалните податоци од последниот попис во 2021 година спроведен од Државниот завод за статистика во Општина Шуто Оризари живеат вкупно резидентно население 25.726 жители со регистрирани 6.104 домаќинства.

Односот помеѓу мажите и жените во рамките на резидентното население во општината е речиси целосно изедначен односно во општината живеат мажи (50,37%) и жени (49,63%). Шуто Оризари се карактеризира со релативно младо население во споредба со државниот просек, што ја прави една од демографски најдинамичните општини во Град Скопје.

Општината Шуто Оризари за 2026 година има изработено поголем број годишни програми од кои како релевантни за оваа анализа ќе ги издвоиме следните :

- Програма за еднакви можности помеѓу жените и мажите за 2026г.
- Програма за локален економски развој за 2026г.
- Програма за развој на општина Шуто Оризари 2026 - 2027г.
- Програма за урбано планирање
- Програма за заштита на животна средина и природа за 2026г.
- Програма за комунални дејности
- Програма за социјална заштита

## 5.1 Програма за еднакви можности

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, општина Шуто Оризари има изработено годишна програма за еднакви можности за 2026г. Програмата за еднакви можности на општината е насочена кон унапредување на родовата еднаквост и подобрување на положбата на жените и девојките преку активности во неколку клучни области. Како клучни области се наведени: човекови права, недискриминација, поддршка на еднородителски семејства, унапредување на здравјето и родовото планирање и буџетирање.

Како главни предвидени мерки се следните :

- **Економско јакнење на жените** - каде се предвидени кампања за подобрување на вработувањето, промоција и информирање за активните мерки за вработување, обуки, поддршка за вработување и самовработување.

- **Превенција и заштита од дискриминација и заштита од родово базирано и семејно насилство** – предвидено е формирање и функционирање на тело за заштита од дискриминација и креирање на акциски план за заштита од дискриминација, спроведување кампањи, СОС поддршка и психолошко советување.

- **Здравје на жените и младите** - едукативни активности за репродуктивно здравје, анкета за препознавање на сексуално преносливите болести од страна на младите средношколци.
- **Подобрување на квалитетот на живот и социјална заштита** – организирање трибини, посети на стари лица, лица со попреченост, олеснет пристап за остварување на еднократна помош, обука на самохрани родители за користење на онлајн алатки за следење на настава. Зголемување на учеството на жените во јавниот живот и донесувањето одлуки – јавни дебати, форуми, одбележување на значајни датуми (8 Март, 16 дена активизам итн.).
- **Соработка со граѓански организации и институции** за реализација на програмските активности.

Во однос на буџетските средства кај сите активности предвидени во рамки на различни ставки од програмата е наведено дека не се потребни финансиски средства. Не се наведени конкретни износи на средства (на пример, во денари), туку се истакнува дека финансирањето ќе биде во рамките на буџетските можности. Иако во буџетот на општината за 2026 се предвидени средства во износ од 130.000 денари во самата Програма за еднакви можности не е наведена финансиска рамка ниту распределба на средствата по активности. Буџетот е многу ограничен и не овозможува посеопфатна реализација на планираните активности. Повеќето мерки се сведуваат на еднократни настани, кампањи, трибини, работилници без значајни средства за континуирани услуги, економско јакнење или подолгорочни програми за жените.

Исто така на веб страната на општината  реализиција на Програмата за еднакви можности од претходната година (2025г) што укажува дека иако Општина Шуто Оризари редовно донесува годишни програми за еднакви можности на веб-страницата не се јавно достапни извештаи за нивната реализација. **Отсуството на извештаи ја ограничува можноста за следење на степенот на спроведување на планираните активности, искористеноста на буџетските средства и евалуација/оценка на постигнатите резултати.**

**Постои јаз помеѓу планираното и реалноста** – наодите од теренот покажуваат дека и покрај предвидената активност ,,Зголемување на учество на жените во јавниот живот и донесување одлуки" сепак најголем процент од жените никогаш не биле повикани на состанок, средба со општински или претставници на комисијата за еднакви можности и дека жените воопшто не се консултирани при подготовка и планирање на активности кои се однесуваат на потребите и приоритетите на локално ниво. Исто така во однос на економското јакнење на жените иако како планирани активности се наведени промоција и информирање за активните мерки за вработување, сепак најголем дел од жените воопшто не се запознаени со овие мерки и никогаш не биле присутни на промоција на мерките. Така што досегашните наоди од анкетата и фокус групите упатуваат на тоа дека реализацијата е ограничена бидејќи до моментот на спроведување на оваа анализа не е евидентиран шест месечен извештај за реализација на активности од програмата, ниту пак извештаи од претходни години.

## 5.2 Програма за локален економски развој и Стратегија за ЛЕР за 2023 - 2026

Како стратешки цели на програмата за наредниот период се дефинирани следните: креирање на конкурентна економија и креирање на нови работни места; одржливо управување со животната средина, подобрување на постоечката и развој на нова инфраструктура, подобрување на квалитетот на образованието и усогласување со потребите на пазарот на труд на Општина Шуто Оризари. Се предвидува основање

на општински бизнис центар, зајакната соработка на општинската администрација со Агенцијата за вработување, Центар за поддршка на МСП, други организации за поддршка на бизнисите. Исто така се предвидува зголемување на можностите за вработување и самовработување преку изработка на програма за обука, преквалификација, доквалификација како и промоција на мерките за вработување и самовработување на невработените во општината и нивна поддршка при процесот на вработување. **Сепак наодите од теренската анкета и наодите од фокус групите упатуваат на неинформираност за мерките за вработување и самовработување од страна на жените и недостаток на поддршка во овој сегмент од страна на општинската администрација како и непостоење на подружница на Агенцијата за вработување.**

Меѓу останатите цели во програмата е предвидено и одржливо управување со животната средина и намалување на загадувањето во општината како и зајакната контрола на загадувањето на животната средина. **Од наодите добиени од анализата се доаѓа до заклучок дека целите во оваа програма не се реализирани поради сè уште постоењето на поголем број депонии, смет по улиците, ширењето на миризба од сметот кои негативно влијаат врз здравјето генерално на популацијата, а пред сè на жените.**

Во програмата е наведено дека е планирано подигање на нови зелени површини во населените места, зголемен број на дрвја и садници, поставување на посебни контејнери за различен вид на отпад и селекција на отпад, замена на улично осветлување со лед технологија. **Но, наодите од анализата укажуваат на отсуство на нови зелени површини и паркови, додека пак старите се во очајна состојба со скршени контејнери, немање доволно дрва и садници, смет, а дел од улиците се без улично осветлување.**

Иако е планирано подобрување на уличната инфраструктура, изградба на улици и унапредување на постојната улична мрежа и изградба на пешачки патеки жените во фокус групите и анкетата наведоа дека нема добри пешачки патеки, дека возила се паркираат на пешачки патеки, дека одредени улици немаат атмосферска канализација и се небезбедни поради недостаток на осветлување.

Постои јаз помеѓу планираното и реалноста – наодите од теренот покажуваат дека голем дел од планираните реконструкции на улици, рекреативни паркови и инфраструктурни подобрувања **сè уште не се реализирани,** а граѓаните (особено жените) сметаат дека безбедноста и патна мрежа не се на задоволително ниво.

## 5.3 План за развој

Според Планот за развој на Општина Шуто Оризари, проектот ***„Реконструкција на спортско-рекреативен парк“*** има за цел да создаде современ и безбеден јавен простор за спорт, рекреација и дружење на граѓаните. Истиот предвидува реконструкција на спортско рекреативен парк со цел да се избалансираат различните потреби и желби на граѓаните. Сепак, наодите од теренската анкета и фокус-групите покажуваат дека жените не препознаваат значајни подобрувања во достапноста и квалитетот на јавните простори, што укажува на јаз меѓу планираните активности и нивната реализација. Шест месечен извештај или други наоди кои би потврдиле дека постои ваква реконструкција не можат да се најдат на веб страната на општината.

Програма за развој исто така предвидува реконструкции на локални улици, (при што се наведени улиците) рабници и обнова на коловози и тротоари, со цел поголема безбедност на населението и учесниците во сообраќајот. Но, од наодите од анкетата и фокус групите се доаѓа до заклучок дека голем број локални улици сè уште не се реконструирани до моментот на пишување на анализата и жените немаат перцепција и чувство дека се

побезбедни во сообраќајот.

## 5.4 Програма за урбано планирање, програма за заштита на животна средина и природа и програма за комунални дејности

Овие програми предвидуваат: урбанизацијата на приградските делови, подобрувањето на инфраструктурата во неколку клучни зони како и специјални социјални и институционални проекти и социјално домување. Жените од фокус групите ја истакнаа како примарна потребата од социјални домови односно станови и куќи за ранливи категории на граѓани, пред сè жени во сиромаштија, невработени жени, самохрани родители и жртви на семејно и РНБ.

Програмата за заштита на животна средина предвидува **управување со отпад и елиминирање на диви депонии, но според наодите од анализата сè уште постојат неколку диви депонии кои го загрозуваат здравјето на населението.**

Програмата за комунални дејности предвидува модернизација на јавно осветлување, одржување на клупи, корпи за отпадоци; фонтани и чешми и друга урбана опрема, но во пракса учесничките во фокус групите и во анкетата потврдуваат дека има недостаток на клупи, дека постоечките не се во добра состојба односно многу од нив се скршени, јавни чешми и фонтани нема, додека пак дека јавното осветлување во одредени делови односно улици е недоволно и ја загрозува безбедноста навечер кога се враќаат дома од работа.

Засега нема јавни извештаи на веб страната на општината дали активностите што се предвидени се реализирани целосно или делумно. Останува да се мониторира процесот на спроведување на програмите до крајот на тековната година со цел да се увиди дали барем дел од предвидените активности се реализирани.

Во однос на буџетот иако буџетот на овие програми е релативно висок, на пример Програмата за комунални дејности располага со буџет над 232 милиони денари сепак истата не покажува како планираните инвестиции ќе придонесат за еднаков пристап и користење на јавниот простор од страна на жените и мажите.

## 5.5 Програма за социјална заштита

Годишната програма за социјална заштита на Општина Шуто Оризари за 2026 година, е насочена кон обезбедување поддршка за најранливите категории граѓани и развој на локални социјални услуги.

Главните области што ги предвидува се:

- **Превентивна социјална и здравствена заштита** – едукативни предавања и кампањи за превенција од зависности, заразни болести и промоција на здрави животни навики. Во овој дел е вклучено семејното насилство и насилството врз жени и предвидени се јавни трибини и интегративен мултисекторски пристап до пакет услуги за жени и девојки изложени на насилство.
- **Детска заштита** – во овој дел се предвидени активности за поддршка на децата, особено оние од социјално загрозени семејства. Тука е вклучено и подигнување на свесноста на родителите за важноста од предучилишно, основно и средно образование за децата како и бесплатен престој за деца со попреченост и деца со ретки болести во градинка.
- **Социјална заштита на стари лица** – во овој дел се предвидени активности и

поддршка за подобрување на квалитетот на животот на повозрасните лица.

- **Поддршка на лица со попреченост –** овој дел предвидува мерки за подобрување на пристапот до услуги и социјална инклузија.

- **Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост** – овој дел вклучува активности за поддршка на ранливите категории, како што се реконструкција и реновирање на субстандардни домови, социјални пакети за лица во социјален ризик, соработка со институции и невладини организации.

- **Еднократна парична помош** – финансиска поддршка за граѓани во социјален ризик или во случаи на итни потреби.

**Други непланирани активности и проекти** – средства за интервенции согласно тековните потреби на општината.

Во програмата за социјална заштита е наведено дека програмата ќе се реализира со обезбедување финансиски средства од буџетот на општината, буџетот на соодветното министерство, фондации, меѓународни организации. Наведено е дека за целосна имплементација на оваа програма се потребни 600.000,00 денари. Ова секако е релативно мал буџет за сите предвидени активности во рамки на програмата.

Програмата е делумно родово одговорна и во одредени сегменти (активности) фокусот е ставен на жени, девојки, деца како што се насилството врз жени и семејното насилство, активности од областа на детската заштита, подигнување на свесноста на родителите за важноста од образование, грижата за стари лица и сл. Во одредени делови /активности има можност за подобро интегрирање на родовата перспектива во наведените приоритети. Она што може да се подобри е родовото планирање и родовите индикатори односно формулирање на подобри и поконкретни родови индикатори.

**За оваа програма како и за останатите кои се во фокус на анализата не постои јавно достапен извештај на веб страната што досега е реализирано.** Наодите од фокус групите и теренската анкета упатуваат на тоа дека ретко некоја учесничка од фокус групите или анкетата има добиено еднократна помош иако поголем број од учесничките припаѓаат на ранливи групи. Исто така беше посочено дека засега не е забележано реновирање на субстандардни домови иако во програмата е наведено дека во изминатиот период во соработка со Хабитат Македонија биле реконструирани и реновирани 50 домови, односно со оваа мерка биле опфатени 50 семејства. Во фокус групите беше нагласено и дека нема државни домови за стари лица во општината. Беа наведени и примери на дискриминација на деца со попреченост при упис во градинка и немање можност за бесплатно згрижување на оваа категорија деца во градинка. Иако во самата програма е наведено дека е предвиден бесплатен престој на деца со попреченост и деца со ретки болести во градинката како и надомест за партиципација на 10 деца за престој во градинка. Оваа мерка е предвидена за месец септември 2026г. за самохрани родители кои се корисници за гарантирана минимална помош. Останува да се мониторира спроведувањето на активностите со цел да се види што од предвидените активности ќе се реализира во текот на наредните месеци.

## 5.6 Аспект на родово одговорно буџетирање

Од аспект на РОБ, со исключок на Програмата за еднакви можности и Програмата за социјална заштита кои се родово одговорни до одреден степен и покрај тоа што едната (програма за еднакви можности) нема конкретно дефиниран буџет, а другата (програма за социјална заштита има буџет кој е релативно низок за предвидените активности) сепак се земени предвид потребите на жените, мажите, децата, повозрасните лица и

помладата популација односно учениците.

Меѓутоа и во овие програми постои можност за подобрување на интегрирање на родовата перспектива преку **попрецизно родово планирање и родова проценка на потребите и приоритетите на различни категории на жени, деца, возрасни лица, користење на родови индикатори, воспоставување на родови цели и родов мониторинг.**

Останатите програми кои беа во фокус на анализата се **родово неутрални во формулацијата.** Програмите за урбано планирање, програма за заштита на животна средина и природа, програма за комунални дејности, програма за ЛЕР, програма за развој се позитивни од аспект што предвидуваат услуги што ги користат сите жители:

- осветлување;
- чистота;
- паркови;
- улици;
- зелени површини и останато

Но, во програмите не се препознаваат различните потреби на жените и мажите. Во програмите:

- нема анализа кои населби имаат недоволно осветлување и дали тоа влијае врз безбедноста на жените;
- нема родово разделени податоци за користење на јавните простори;
- нема активности насочени кон безбедно движење на жените, децата, постарите лица и лицата со попреченост;
- нема родови индикатори за мерење на резултатите;
- не се наведува како инвестициите ќе придонесат за поголема еднаквост.

Програмите претставуваат класични комунални, инфраструктурни програми кои се фокусирани на инфраструктура, тековно одржување и сл. Иако истите располагаат со значителен буџет сепак **не содржат родова анализа, родово планирање, родови цели или индикатори,** ниту пак покажува како планираните инвестиции ќе придонесат за еднаков пристап и користење на јавниот простор, осветлување и друго од страна на жените и мажите. Од аспект на родово одговорното буџетирање, има значителен простор за подобрување на сите програми преку интегрирање на родова перспектива при планирањето на јавната инфраструктура, осветлувањето, јавната чистота и урбаната опрема.

## 5.7 Приемен ден и отворен ден во општината

На веб страната на општината е наведен приемниот ден (секој петок во неделата од 10-15 часот) односно денот кога граѓаните можат да остварат средба со градоначалникот. Меѓутоа во пракса многу граѓани пред сè жените и девојките кои земаа учество во спроведените фокус групи и во теренската анкета не се информирани за приемниот ден. Неинформираноста е резултат на недоволното користење на интернет и дигиталните алатки делумно поради недоволно познавање и/или немање можност да се користат дигиталните алатки и интернетот. Потребно е доколку можноста за приемен ден не е огласена на видливо место во општината (пр. општинска табла и сл.) да биде огласено со цел поголема информираност пред сè од страна на жените кои би сакале нивниот глас и

нивните потреби да се слушнат.

## 5.8 Заклучок – анализа на програмите и буџетот

Анализата на програмите и буџетот на Општина Шуто Оризари покажува дека општината има воспоставено нормативна и програмска рамка за планирање на локалниот развој и за унапредување на еднаквите можности. Сепак, анализата укажува на значителен јаз помеѓу планираните активности и нивната практична реализација, како и на недоволна интеграција на родовата перспектива во поголемиот дел од секторските програми. Исто така, се забележува ограничена транспарентност во известувањето за реализацијата на програмите, недоволно јасно поврзување на планираните активности со буџетските средства и недоволно вклучување на жените во процесите на локално планирање и донесување одлуки.

За да се постигне поголем ефект, потребни се:

1. **Поголема транспарентност** преку редовно објавување извештаи за реализација на програмите.

2. **Подобро финансирање** на програмата за еднакви можности наместо формално планирање без реален буџет. Потребно е усогласување помеѓу програмите и буџетот. Кај дел од програмите се предвидени бројни активности, но не е обезбедена јасна финансиска рамка или распределба на средствата по активности. Ова ја отежнува реализацијата, следењето и оценката на ефективноста на програмите.

3. **Интеграција на родовата перспектива** во сите поголеми инфраструктурни и комунални програми и проекти, со цел јавниот простор и услугите еднакво да одговорат на потребите на сите граѓани. Како приоритетни програми за интеграција на родовата перспектива би ги издвоиле:

- Програма за локален економски развој
- Програма за развој на општината
- Програма за урбано планирање
- Програма за заштита на животна средина и природа
- Програма за комунални дејности

4. **Постои изразен партиципативен дефицит** од страна на граѓаните пред сè жените во вклученост во консултации за планирање на потребите и приоритетите кои следствено би биле вклучени во програмите. За таа цел потребно е воспоставување на редовен консултативен механизам (средби, состаноци, теренски средби) и поголема видливост и информираност за отворениот ден (приемен ден) со градоначалникот и претставници на општинската администрација и советот.

**Комуникацијата со граѓаните пред сè со жените од локалната заедница треба да биде зајакната.** Потребни се поразновидни канали за информирање, особено офлајн механизми, имајќи го предвид ограничениот пристап до интернет и ограниченото ниво на користење на дигиталните алатки кај дел од населението.

5. **Потребно е воспоставување на систем за следење и евалуација на програмите.** Покрај недостигот на извештаи за реализација, дел од програмите не содржат доволно мерливи индикатори врз основа на кои би можело да се оцени дали планираните цели се постигнати.

# 6.Интегриран заклучок од теренска анкета, фокус групи и анализа на програми и буџет

Спроведеното истражување овозможи сеопфатен увид во потребите, предизвиците и приоритетите на жените во Општина Шуто Оризари преку комбинирање на резултатите од теренската анкета, наодите од двете фокус групи и деск анализа на одредени секторски годишни програми. Истражувањето покажува дека жените во Општина Шуто Оризари се соочуваат со повеќеслојни инфраструктурни, институционални, економски и социјални предизвици кои меѓусебно се поврзани и влијаат врз нивната благосостојба, можностите за економска независност и активното учество во заедницата. Најизразени проблеми се континуираното водоснабдување, нередовниот јавен превоз, несоодветното улично осветлување, недоволно одржуваните јавни простори и присуство на депонии, ограничениот пристап до одредени здравствени услуги и услуги за згрижување на деца и возрасни, недостигот од институционална поддршка и високата економска ранливост на жените.

Истражувањето исто така покажува дека овие проблеми не ги засегаат сите граѓани на ист начин. Поради традиционалната распределба на улогите во семејството, жените најчесто ја преземаат грижата за децата, постарите лица и домаќинството, поради што недостатокот на јавни услуги и инфраструктура несразмерно влијае врз нивниот секојдневен живот, го зголемува неплатениот труд и ги ограничува можностите за образование, вработување и активно учество во јавниот живот.

Резултатите од анкетата и фокус групите покажуваат висок степен на усогласеност. Прашањата кои жените ги идентификуваа како најважни во анкетата беа дополнително потврдени и образложени во дискусиите на фокус групите. Ова ја зголемува веродостојноста на наодите и укажува дека идентификуваните приоритети претставуваат реални потреби на локалната заедница пред сè на жените од локалната заедница.

Од друга страна пак анализата на програмите на општината релевантни за оваа област упатуваат дека и покрај тоа што општината има воспоставено програмска рамка за планирање сепак постои значителен јаз помеѓу планираните активности и нивна реализација во пракса. Постои и недоволна интеграција на родовата перспектива во поголемиот дел од секторските програми. Како и ограничена транспарентност во известувањето за реализацијата на програмите, бидејќи не постојат јавно достапни извештаи на веб страната на општината за реализиција на програмските активности. Исто така нема доволно јасно поврзување на активностите со буџетските средства како и недоволно вклучување на жените во процесите на локално планирање и донесување одлуки.

Наодите потврдуваат дека воведувањето и практикувањето на родово одговорното буџетирање претставува важен механизам преку кој локалната самоуправа може поефикасно да ги планира јавните инвестиции и да алоцира соодветни ресурси за потребите и приоритетите на жените и децата. Примена на интерсекциски пристап, односно вклучувањето на жените и тоа различни категории на жени од општината во процесите на планирање и донесување одлуки ќе овозможи буџетските средства да се насочат кон области кои имаат најголемо влијание за подобрувањето на квалитетот на животот на граѓаните, а пред сè на жените и децата.

Резултатите од ова истражување претставуваат релевантна основа за идно креирање локални политики, програми и буџетски мерки кои ќе придонесат за намалување на родовите нееднаквости и за создавање подостапна, побезбедна и поинклузивна локална заедница.

# 6.1. ПРЕПОРАКИ

Врз основа на резултатите од теренската анкета и наодите од фокус групите, произлегоа следните препораки групирани во неколку тематски делови.

### 6.1.1 Инфраструктура, комунални услуги и осветлување

- Да се обезбеди континуирано и квалитетно водоснабдување во сите делови на општината.
- Да се подобри атмосферската и комуналната инфраструктура со цел намалување на поплавите и подобрување на хигиенските услови.
- Да се воспостави редовно собирање на комуналниот отпад и системско отстранување на дивите депонии.
- Да се инвестира во реконструкција и проширување на јавното осветлување, особено во улиците и јавните простори што ги користат жените и децата.
- Да се реконструираат постојните и изградат нови паркови, детски игралишта и безбедни јавни простори.

### 6.1.2 Јавен превоз

- Да се обезбедат почести и поредовни автобуски линии до и од Општина Шуто Оризари.
- Да се подобри достапноста и безбедноста на автобуските постојки.
- При планирањето на јавниот превоз да се земат предвид потребите на жените, учениците, постарите лица и лицата со попреченост.

### 6.1.3 Здравство и здравствени услуги

- Да се зајакнат капацитетите на локалните здравствени установи преку обезбедување дежурни здравствени служби, поголем број лекари и специјалисти, како и обезбедување амбулантно возило на ниво на општина.

- Да се подобри пристапот до превентивни здравствени услуги, особено во областа на репродуктивното и сексуалното здравје.
- Да се разгледа можноста за воведување локални мерки за поддршка на превентивните гинеколошки прегледи.
- Да се организираат редовни едукативни активности за репродуктивно здравје, планирање на семејството и контрацепција.

### 6.1.4 Образование (училишно и предучилишно)

- Да се подобрат санитарните услови во училиштата преку обезбедување континуирано водоснабдување, сапун и средства за лична хигиена.
- Да се обезбедат бесплатни менструални производи во училиштата на територија на општина Шуто Оризари.
- Да се зголемат капацитетите и да се подобрат условите во градинката/градинките со цел поголема достапност на предучилишното образование.
- Да се овозможи на децата од ранливите семејства и децата со попреченост бесплатно згрижување во градинките
- Да се развиваат програми за превенција од напуштање на образованието и поддршка на девојчињата од ранливите категории.

### 6.1.5 Институционална поддршка и економско јакнење

- Да се воспостават локални канцеларии или редовни мобилни услуги на институции како Агенцијата за вработување, Фондот за здравствено осигурување и други јавни служби.
- Да се подобри пристапот до банкарски услуги, банкомати и финансиска инфраструктура во општината.
- Да се развијат локални програми за економско јакнење на жените, вклучително и стручни обуки, поддршка за самовработување и развој на женско претприемништво.
- Да се развијат посебни мерки за поддршка на самохрани мајки, жени жртви на родово базирано насилство и други ранливи категории.

### 6.1.6 Недискриминација и учество на жените

- Да се спроведуваат континуирани обуки за вработените во јавните институции за еднаков третман, недискриминација и родова еднаквост.
- Да се воспостават поефикасни механизми за пријавување и постапување по случаи на дискриминација.
- Да се обезбеди активно учество на жените во процесите на подготовка, консултација, донесување и следење на општинскиот буџет.
- Да се воспостават редовни консултативни средби со жените, граѓанските

организации и локалните заедници при утврдување на развојните приоритети.

### 6.1.7 Родово одговорно буџетирање

- При подготовката на годишниот буџет на Општина Шуто Оризари систематски да се применува пристапот на родово одговорно буџетирање.
- Да се користат податоци разделени по пол, родови индикатори и родови цели и други релевантни карактеристики при планирањето, спроведувањето и следењето на буџетските програми.
- Да се воспостават родови индикатори за следење на влијанието на буџетските инвестиции врз жените и мажите
- Да се воспостави редовен мониторинг на спроведување на програмите
- Да се зајакне транспарентноста преку редовна изработка и објавување извештаи за реализација на програмите.

Резултатите од ова истражување да се користат како појдовна основа при утврдување на приоритетите за идните локални инвестиции.



